Врз основа на член 10 став (8) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013 и 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018 и 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 180/2019 и 103/2021) член 19 став (8) и член 20 став (8) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013 и Службен весник на Република Северна Македонија 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување на седницата одржана на 27.2.2023 година, донесе

**Правилник за методологијата за пресметка на сопствените средства на пензиско друштво**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува методологијата за пресметка на сопствените средства на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и друштво за управување со доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиско друштво).

**Член 2**

(1) Сопствените средства на пензиското друштво се пресметуваат како збир од следните елементи:

а) Емисиона вредност на издадените обични акции на пензиското друштво, односно уплатена основна главнина, (номинална вредност на издадените обични акции соодветно зголемена за акционерската премија);

б) Резерви на пензиското друштво како збир од законски, статутарни и останати резерви;

в) Збир од акумулирана добивка и добивка според пресметковниот период и тоа:

- акумулирана добивка по годишна сметка за претходни години која не е оптоварена со било какви обврски или загуби, која е искажана во билансот на состојба и потврдена од страна на независен ревизор и од органот на управување на пензиското друштво и

- добивка од работењето на пензиското друштво (на нето основа) која се создава во текот на годината и се утврдува со периодична пресметка намалена за една третина, освен ревидираната добивка која се признава во полн износ.

(2) Како одбитни ставки од сопствените средства на пензиското друштво, утврдени согласно став (1) од овој член, се сметаат:

а) Збирот од пренесена загуба од минати деловни години и загуба од тековното работење и тоа:

- пренесена загуба на пензиското друштво од минати деловни години и

- загуба од работењето на пензиското друштво која се создава во текот на годината и се утврдува со периодична пресметка;

б) Износот на платени трошоци за идните периоди и недостасаната наплата на приходи (АВР) освен за пресметаната, а ненаплатена камата од дадени депозити и вложувања во должнички хартии од вредноста и

в) Нематеријалните средства.

**Член 3**

Позициите кои се дел од сопствените средства на пензиското друштво треба да ги исполнуваат следните услови:

а) Основната главнина да биде во целост и безусловно уплатена во пари;

б) Сопствените средства да бидат неповратни;`

в) За време на работењето на пензиското друштво сопствените средства да се веднаш и во целост расположиви за покривање на загубите на пензиското друштво и

г) Во случај на стечај или ликвидација на пензиското друштво сопствените средства да се во целост и неограничено расположиви за покривање на загубите на пензиското друштво и на обврските спрема неговите доверители.

**Член 4**

Пензиското друштво до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување доставува Извештај за сопствените средства на пензиското друштво даден во Прилог број 1 кој е составен дел на овој правилник, во ексел табела. Извештајот се доставува со состојба на последниот ден од секој квартал во годината, во рок од 30 дена од денот на кој се утврдува состојбата на сопствените средства на пензиското друштво.

**Член 5**

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за методологијата за пресметка на сопствените средства на пензиско друштво објавен во „Службен весник на Република Македонија" 11/2011 и 13/2011.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 01-357/7
28.2.2023 година
С к о п ј е

Претседател на Совет на експерти,
Максуд Али с.р

Прилог број 1

| | **Извештај за сопствени средства** | **Период на ден --------------------- година** |
|---|---|---|
| А | **Вредност на издадени обични акции** | |
| Б | **Резерви** | |
| В | **Акумулирана добивка и добивка според периодична пресметка** | |
| | **Акумулирана добивка од претходни години** | |
| | **Добивка според периодична пресметка** | |
| Г | **Пренесена загуба од минати деловни години и загуба според периодична пресметка** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Пренесена загуба од минати деловни години | |
| | Загуба според периодична пресметка | |
| Д | Износот на платени трошоци за идните периоди и недостасана наплата на приходи (АВР) освен за пресметана, а ненаплатена камата | |
| | Платени трошоци за идните периоди и недостасана наплата на приходи (АВР) | |
| | Пресметана, а ненаплатена камата | |
| Ѓ | Нематеријални средства | |
| | Вкупно сопствени средства А+Б+В-Г-Д-Ѓ | |
| Процент на сопствени средства над законско барање | | |
| Процент на главнината над законско барање | | |
| Пропишана главнина | | |
| Половина главнина | | |